**ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА РСМ ЗАКАЖАНО ЗА 24 МАРТ 2019**

**Од Претседателот на Радиоаматерскиот сојуз ,Миле Кокотов за работата во периодот помеѓу двете собранија (2017 и 2018 година)**

Почитувани гости, почитувани делегати и колеги радиоаматери,

Веднаш по изборот на ова раководство на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, донесовме Одлука за формирање на пописна комисија која треба да направи попис на целиот имот на РСМ, основните средства и да ги документира репетиторите за да видиме со што располага сојузот. Пописната комисија работеше напорно. Од Претседателот на пописната комисија бев информиран дека ја проверувале целата архива на Радиоаматерскиот сојуз и не можеле да најдат пописни листи наназад со години. Последна пописна листа нашле од 1998 година, односно од пред 20 години. Во периодот од тогаш до сега имало неколку обиди за попис, ама не биле завршени до крај. Се направи пописот, но остана да се заврши пописот на репетиторите, кои не се попишани до ден денес.

Меѓу првите активности на ова раководство беше заложбата да се направи нова веб-стреаница на РСМ бидејќи дотогашната беше оштетена, нефункционална и немавме пристап до неа, без можност да се изврши корекција или враќање на фајловите. За изработка на нова веб-страница од почеток, се нафати Ѓорѓи Поп-Ѓорѓиев бесплатно да го стори тоа. По повеќемесечна макотрпна работа Ѓорѓи конечно ја дотера во облик каква што е сега. Во тек е полнење на страницата со корисни информации од сите области на радиоаматерството. Овде морам да спомнам дека досегашното хостирање на веб-страницата на РСМ е донирано од Златко Андонов.

Уште од самиот почеток на мандатот на овој Извршен одбор на РСМ се залагавме за транспарентност на работењето, а особено на финансиското работење. Во минатото немало ниту едно раководство на РСМ кое оправдано или неоправдано, не било напаѓано од членовите дека имало финансиски злоупотреби во работењето. Имајќи го тоа предвид, со цел да се намали можноста од евентуални финансиски малверзации, донесовме Предлог Одлука за транспарентност на трансакциската сметка на РСМ со можност за увид во трансакциската сметка, односно банкарските изводи да бидат достапни за секој член на ИО и за членовите на Собранието. Ваква Одлука можеше да донесе ИО самостојно, но за да биде тежината на Одлуката поголема, решивме Предлог Одлуката да ја дадеме на Собранието (како највисок орган на РСМ) да ја усвои и донесе, па како таква да се практикува во иднина засекогаш. За да не му текне на некој иден состав на ИО да ја измени или укине само со гласање на членовите на Извршниот одбор на РСМ. Транспарентноста во финасиското работење е едно од

најважните предуслови за спречување на евентуални финансиски злоупотреби, за кое, основано или не, кружат разни муабети помеѓу членовите уште откога паметам за РСМ. Денес оваа Предлог Одлука е пред ова Собрание и предлагам да ја усвоиме, за во иднина секој да има увид во банковите изводи, каде што **детално** се гледаат сите поединечни приливи и одливи на средства, а не само да се даде еден збирен извештај за прилив и одлив на парите од сметката.

Во контекст на ова, Објавена е на завршната сметка и финансискиот извештај на РСМ за 2017 година, како и завршната сметка за 2018 година на официјалната веб-страница на Радиоаматерскиот сојуз, па може секој заинтересиран да ги види.

Една од најважните, ако не и најважна цел на Радиоаматерскиот сојуз е привлекување на нови млади членови и создавање услови за нивна обука и техничко образование преку клубовите кои треба да се носители на оваа најважна дејност.

За таа цел, јас како Претседател на РСМ, заедно со уште неколкумина радиоаматери во клубот Никола тесла од Штип бевме иницијатори за изготвување Стратегија за привлекување нови млади членови-радиоаматери. Во неа е вклучен и наставен план и програма за курсот по радиотехника и електроника. Стратегијата беше објавена јавно за да можат да ја користат сите останати радио клубови.

Бесплатно изготвивме флаер со наслов „Биди и ти радиоаматер" за популаризација на радиоаматеризмот, привлекување на млади членови и објаснување на родителите на потенцијалните млади членови за полезноста од ова наше прекрасно хоби и дека ако се зачленат во некој од радио клубовите во Македонија, ќе добијат соодветно техничко знаење од областа на радиотехниката, електрониката кое ќе му користи на детето во текот на неговиот живот. Флаерот го објавивме јавно во радиоаматерските фејсбук-групи и ги повикавме сите заинтересирани клубови кои сакаат да се вклучат во организирање на курсеви за млади радиоаматери, да се јават, а Радиоаматерскиот сојуз ќе им помогне во тоа. За жал. Од сите клубови во Македонија, се јави само Младен Марковски од Кавадарци на кој му направивме соодветен флаер за негови потреби, односно за манифестацијата на Народна техника во Кавадарци.

Бесплатно направивме Видео-презентација на македонски јазик за радиоаматерското хоби со цел популаризација на радиоаматеризмот и привлекување на млади членови. Користени материјали од RSGB и сопствени материјали снимени за време на Собирот во Велес. Видео презентацијата е поставена на YouTube, и до сега, за нецела година е прегледана повеќе од 2.200 пати, од кои 95 проценти од граѓани на Македонија.

Врз основа на изготвената Стратегија за привлекување на млади радиоаматери и нивна обука, заедно со радио клубовите во Штип, во текот на месец април и мај 2018 година организиравме 11 презентации во три основни училишта во Штип. Спротивно на долгогодишното тврдење на тогашното раководство на клубот, дека нема млади заинтересирани за радиоаматерство докажавме дека интересот е огромен. Особено кај децата од повисоките одделенија на основните училишта. Се јавија вкупно 40 заинтересирани деца, кои беа привлечени од нашите презентации. Радио клубот во Штип, по најмалку 15 години без ниту еден одржан курс и затворени врати во објект во центарот на градот, каков што секој вистински радиоаматер би посакал да има, конечно повторно заживеа. На крајот од првиот дел на курсот за радиотехника и електроника, 6-мина млади деца го положија испитот за радиоаматерски оператор од П-класа и добија свој личен повикувачки знак. Задоволството беше огромно и на децата, но и на нас кои го организиравме курсот. Се разбира, овде не застануваме, курсот го продолживме и ќе трае до јуни, а во моментов се подготовки за нови пролетни презентации и нов курс за почетници. Знам дека слично нешто се прави и во радио клубот во Битола. Во Скопје во радио клубот Железничар се подготвуваат исто така, а во клубот Бран од Пробиштип има огромна желба и заинтересирани деца за радиоаматерството, само таму се судруваат со немање на соодветни простории, за кои ќе помогнеме да ги добијат од локалната власт и убеден сум дека ќе успееме.

Ја користам оваа прилика да ги охрабрам и другите радио клубови во Македонија, да направат напори и да организираат курсеви за млади радиоаматери, зашто тоа е една од основните задачи на ова наше хоби. Ги имаат сите најважни услови за тоа. Како што спомнав, достапна е подготвена стратегија за привлекување на млади радиоаматери од училиштата, потоа, видео презентација на македониски јазик, флаери и слично. Само треба да се има желба за да се одвои време и да им се пренесе знаењето на децата за ова наше интересно хоби. Што се однесува до простории за курсот, може да се следи примерот од Штип. Ние лесно обезбедивме простор во основно училиште со склучување на меморандум за соработка помеѓу клубот и училиштето. Тврдам дека тоа може да се стори во сите градови, а наградата за тој вложен труд ќе бидат новите радиоаматери и пријатното чувство од тоа што некому си му помогнал да се занимава со ова корисно хоби.

Сакам да спомнем само неколку бројки за курсот за радиотехника и електроника кој се уште трае во Штип. Имено до сега, во месеците мај и јуни 2018 година, а потоа, по летниот распуст, во периодот од октомври до сега, се одржуваат редовно по 4 школски часа неделно, односно по два часа во вторник и петок. До сега се одржани вкупно 104 часови во училница и 20-тина часови на терен со практична настава каде младите радиоаматери се обучуваа сами да поставуваат антени и одржуваа радио-врски. Сите часови се одржани од Претседателот на РСМ во соработка со останатите членови на клубовите во Штип, без никаков надомест за

тоа, освен задоволството од личниот ангажман и радоста од постигнатото. Кога на ликовите на младите радиоаматери ќе се види воодушевување од некое усвоено знаење, поставена антена или одржана радио-врска со друг радиоаматер од далечна земја во светот, а потоа и добиена QSL-картичка – задоволството на нас повозрасните е огромно. Искуството покажува дека оние млади ученици кои уште од својата рана младост се вклучени во некоја организирана воншколска настава по техничко образование во некој клуб, освен тоа што стекнатото знаење ќе им користи во текот на целиот нивни иден живот, децата ќе бидат подалеку и од разните девијантни појави во општеството, како што се алкохголот, дрогата, насилството и сл.

Од страна на Претседателот на Радиоаматерскиот сојуз, изготвен е онлајн курс за радиотехника и електроника и објавен на неговата веб-страница, Курсот содржи повеќе поглавја и е достапен за сите заинтересирани, во секое време. Статиите се напишани на македонски јазик, со едноставни изрази и со многу илустрации за да бидат разбирливи и за радиоаматери-почетници, но има интересни работи и за оние поискусните, кои сега ќе имаат можност во секоја прилика, преку компјутер, таблет или мобилен телефон, да се потсетат за нешто од областа на радиотехниката. За интересот за содржините на оваа веб-страница доволно зборува податокот што за нецели 2,5 години, веб-страницата е посетена повеќе од 337.000 пати од различни IP-адреси, а Видеата на YouTube изработени од Претседателот на РСМ, во врска со разни радиоаматерски активности и проекти, се прегледани вкупно 432.000 пати во период од неколку години.

Но да се вратиме за останатите активности кои ги имаше ова раководство на Радиоаматерскиот сојуз:

Во април 2017 година РСМ организираше и успешно спроведе Државно првенство во HST (High Speed Telegraphy), односно брза телеграфија. Натпреварот се одржа во Кавадарци и беше основ за да се избере репрезентацијата на Македонија која два месеца подоцна не претставувуваше на меѓународните натпревари на кои бевме домаќини во Дојран.

Истата 2017 година Успешно организиравме и спроведување два интернационални значајни натпревари во ХСТ (High Speed Telegraphy). Бевме домаќини на 5-тото Балканско првенство и 10-тиот Куп на Европа во ХСТ. Натпреварите се одржаа во Дојран од 31 мај до 4 јуни 2017. По повод овој настан, Бесплатно изработивме видео презентација и видео интервјуа со претставници на неколку репрезентации на овие меѓународни натпревари. Заедничка оценка е дека организацијата беше одлична. Радиоаматерскиот сојуз не потроши ниту денар за овие натпревари, бидејќи учесниците плаќаа котизација со кои средства се организираа самите натпревари, а освен тоа, на крајот останаа околу 60.000 денари за Радиоаматерскиот сојуз.

На овие натпревари учествуваа петмина наши натпреварувачи кои постигнаа солидни резултати, а тројца од нив во Септември 2017 година учествуваа на 14-тиот Светски ХСТ Шампионат во Унгарија.

Во 2017 година во организација на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, неколку клубови и поединци учествуваа во меѓународниот HQ-натпревар кој го организира меѓународната радиоаматерска организација IARU. Во овој радоаматерски натпревар на кратки-бранови учествуваа 4 радио клубови на 5 локации и уште две локации на радиоаматери поединци со вкупно 27 радиоаматери. Работеа радиоаматери од клубовите „Стево Патакот“ од Битола (два тима со 8 оператори на две одвоени локации во близина на Битола) потоа радио клубот „Никола Тесла“ од Штип, со 6 оператори, и еден оператор-гостин од радио клубот во Куманово. Радио клубот „Никола Тесла“ од Гевгелија со 5 оператори, радио клубот „Искра“ од Кавадарци со 5 оператори од кои тројца гости од Неготино Штип и Виница. Другите две локации беа во домовите на Момчило Милошев од Штип (кој за жал сега е покоен) и Владимир Шутевски од Скопје.

За оваа активност Радиоаматерскиот сојуз обезбеди покривање на дел од трошоците, а се изпечатија и маици за учесниците. Вкупно беа потрошени 20.000 денари.

Во 2018 година во организација на РСМ беа спроведени три групни активности на краткобрановото подрачје.

Се учествуваше во IARU-HQ натпреварот со вкупно 22 радиоаматери – оператори на 8 локации во Македонија. Оваа година за прв пат се работеше и од локација на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Во 2018 година, РСМ не можеше да учествува во покривање на трошоците за овој реномиран светски натпревар. Поради тоа што сметката на РСМ беше блокирана и поради недобивањето на пари од Народна техника која не ни ги проследи парите од Министерството за образование наменети за вакви активности, не можевме да покриеме ниту дел од трошоците, па сите учесници сами се финансираа од свои сопствени средства, иако ја претставуваа Државата Македонија и работеа под знакот на Македонската репрезентација Z30HQ.

Истата 2018 година, Радиоаматерскоиот сојуз доби покана од Руската радиоаматерска организација, по повод Светското првенство во фудбал, во периодот од 1 јуни до 15 јули, да учествуваме во одбележување на оваа „најважна споредна работа на Светот“. Ја прифативме поканата и учествувавме со 15 радиоаматери. Од Агенцијата за електронски комуникации побаравме и добивме специјален повикувачки знак Z30FIFA. Остварени се 18.600 радио-врски, а од вкупно 92 станици во светот кои работеа под специјален знак FIFA, бевме на десетто место.

Во 2017 година, за прв пат млади членови на Радиоаматерскиот сојуз, во месец декември учествуваа во меѓународната манифестација „младите во етерот“ или YOTA (Youngsters On The Air) таа година, учествуваа само тројца млади оператори од РК „Стево Патакот“ од Битола, потоа Велјан Ѓорѓиов од радио клубот „Искра“ – Кавадарци и младиот Стефан Милојчевски од Св.Николе. Се одржаа околу 1.000 врски со специјалниот знак Z30YOTA побаран и добиен од Агенцијата за електронски комуникации.

Искуството собрано од првото учество го применивмево следната 2018 година, па во месец декември кога се организира YOTA, настапивме многу поорганизирано. Од Извршниот одбор на РСМ беше назначен Зоран Гроздановски од Битола за координатор за целокупната YOTA-активност на младите радиоаматери во Макеодонија. Од АЕК беа побарани и одобрени два специјални радиоаматерски знаци Z39YOTA и Z30YOTA. На наше големо задоволство, интересот од младите беше голем, па со радост можам да констатирам дека имаше вкупно 16 деца и младинци (од 10 до 22 години) кои во еден месец одржаа голем број на врски. Некои од децата за прв пат се запознаа со радиоаматерството.

Имаше учесници од Скопје, Штип, Битола, Кавадарци, Неготино и Струмица, а ментори беа Велјан Ѓорѓиов, Гоце Бошковски, Петрика Јанеку, Игор Коцев, Игор Дериволов и Миле Кокотов.

Уште на почетокот од својот мандат, Извршниот одбор на Радиоаматерскиот сојуз донесе Одлука за пристапување на измени и дополнување на Статутот на РСМ во кој се воочени пропусти, контрадикторности и недоречености. Беше формирана тричлена работна група составена од правници-радиоаматери со големо искуство од правната област која бесплатно изготви Предлог Статут, а објавен е веќе две години на веб-страницата на РСМ и на фејсбук-групата на РСМ за увид на секој заинтересиран за јавна расправа по него.

Од истата работна група на правници-радиоаматери по барање на Извршниот одбор на РСМ, се изготви Предлог на Радиоаматерски Кодекс. Посебно е дополнет со унапредување на моралните и етичките врадности кои треба да ги поседува еден радиоаматер како и чувстото за чесност пред се, за да не се повтори мамењето во радиоаматерски натпревари, работење на DX-врски за пријател со негов знак и слични практики кои често се правеа од поединци и клубови, а поради кои репутацијата на македонските радиоаматери-оператори не беше на високо ниво, и многумина се подбиваа со нас.

Во оваа прилика сакам да спомнам дека по сугестија од работната група на правници-радиоаматери, изготвен е Предлог Правилник за дисциплинска постапка. И овој документ е објавен за јавна расправа по него, а денес е ставен на дневен ред на ова Собрание.

На барање на Извршниот одбор изготвен е Предлог правилник за постапка и начин на доделување на МТС средства на членови на РСМ, ако за тоа се укаже можност и потреба. Целта на овој правилник е да се направи јасна процедура, кому, на кој начин и со кои критериуми може да му се додели користење уред од Радиоаматерскиот сојуз. Ова е побарано поради тоа што во минатото имало случаи на доделување на средства од РСМ без конкурс и јасно објавени критериуми, а потоа се слушнаа муабети дека некој несовесни радиоаматери, истата ја оттуѓиле а парите си ги потрошиле за себе.

УКБ менаџерот изготви Предлог Правилник за радиоаматерски сообраќај преку репетитори.

Извршниот одбор на Радиоаматерскиот сојуз беше иницијатор за соработка со Универзитетот Гоце Делчев од Штип. Наидовме на разбирање и беше формиран Универзитетски радио клуб во состав на Универзитетот. Поради некои ситни правно-технички проблеми на чие разрешување се работи, овој клуб се уште не е потполно функционален, иако е регистриран во Централниот регистар како дел од Универзитетските спортско-технички клубови. Во секој случај, Универзитетот ни излегува во пресрет кога ни треба локација за натпревар со просторија и слично, како што беше случај при IARU-HQ натрепварот.

Уште веднаш по изборот на ова раководство на Радиоаматерскиот сојуз, Извршниот одбор се обидуваше да иницира состанок со раководството на Народна техника на Македонија. Јас бев слушал многу муабети за тоа дека до договор со Народна техника нема да дојде, особено за враќање на нашите простории кои порано ги имавме во зградата на Народна техника на Макеоднија, но бев убеден дека со правилен и отворен пристап, нема зошто да не дојде до поголема соработка со НТМ. Тргнувајќи од принципот дека „Убавиот збор железна врата отвара“. Уште при првиот обид да закажам состанок со претставници на НТМ, веднаш по изборот на ова раководство на РСМ, од страна на Извршниот директор ми беше кажано меѓу редови дека тие не знаат со кого да преговараат бидејќи слушаат гласини дека во Радиоаматерскиот сојуз има многу различни струи и дека во РСМ има неединство. По извесно време, во јуни 2017 година успеавме да закажавме состанок со Претседателот и Извршниот директор на Народна техника на Македонија. Состанокот траеше 4 часа, а дискутиравме на повеќе теми.

Главните заклучоци од тој состанок беа следниве:

1. Потесна соработка во иднина помеѓу НТ и РСМ на сите полиња, а ние како РСМ очекуваме да бидат финансирани нашите проекти и активности.
2. Да се комуницира директно со официјалните претставници на РСМ, претседателот, секретарот и менаџерите на РСМ со претседателот и директорот на НТМ.

На локално ниво контактите можат да се прават помеѓу претставници на радио клубовите и претставници на НТ по градовите.

Во оваа насока од наша страна беше изразено незадоволство од директните контакти на НТМ со радио ориентациониот клуб од Петровец и директно финансирање на нивни активности од доменот на радиоаматерството (АРГ) без знаење на РСМ. Членови на Државната репрезентација на Македонија во АРГ можат да бидат само членови на РСМ и само таква репрезентација е призната и може да ја претставува Државата на меѓународни натпревари. Ние претходно во неколку пати разговаравме со претседателот на клубот Ѓорѓе Лазаревски и му понудивме организирањето на АРГ активностите да бидат заеднички помеѓу клубот Младост и РСМ, но не наидовме на заеднички јазик. Претседателот и директорот на НТМ ветија дека во иднина директното финансирање на клубови кои не се членови на РСМ за радиоаматерски активности нема да се повтори, а за финансирањето на активностите од областа на радиоаматерството ќе биде разговарано директно со официјалните претставници на РСМ.

3. При реализација на активностите на НТМ како што е шампионатот на млади техничари и природници кој се одржува секоја година, членови на комисии од дисциплините Радио техника, Електроника и АРГ, ќе се именуваат по предлог на РСМ.

4. Договорено е во иднина НТМ да испраќа покана за учество на наши претставници на нивните состаноци, со цел унапрфедување на соработката.

5. Изразивме наше незадоволство од односот на НТМ кон радио клубовите по градовите. Од нивна страна беше речено дека на последниот нивни состанок на НТ во Струмица, им било пренесено на локалните вработени (36) на НТ по градовите да преземат иницијатива за поголема активност и соработка со струковите сојузи кои ја сочинуваат НТ и да ги подржат сите нивни активности бидејќи од нивната активност ќе зависи и платата на вработените. Немало како до сега да се испраќаат пари за плати на вработените туку за активности!

6. За претстојниот HQ натпревар веднаш да се преведат 20.000 денари на РСМ за реализација на истиот.

7. Договорено е да се финансира еден еднодневен собир на радиоаматерите во 2017 година, кој го планираме за септември во Велес.

8. Да се направи програма за работа и проекти кои би влегле во еден документ „Стратегија за развој на НТМ“ како што го нарекуваа претставниците на НТ. Со тој документ тие се надеваат дека ќе издејствуваат трајно и стабилно финансирање, како што им било ветено од претставници на Владата на РМ со кои имале контакти.

9. Околу враќање на просториите кои ги имаше РСМ, а кои сега се изнајмени на друго правно лице, се дискутираше жестоко и бурно. Ние, со нашите аргументи, тие со нивните...

Рекоа дека од сите струкови сојузи кои ја сочинуваат НТМ само ние сме имале простор исклучиво за нас. Исто така рекоа дека од киријата која се наплаќала за просторот кој го користевме порано, 80% оделе на покривање на долговите на РСМ (плата и долгови и други трошоци за Нина), а без тие пари, НТМ би пропаднала. Неколку години не добивале речиси никакви средства од Владата на РМ. Сега ситуацијата се подобрила. Ни ветија дека на есен, очекуваат усвојување на „Стратегијата за развој на НТМ“ од страна на Владата, па ситуацијата ќе била уште подобра. Јас инсистирав до тогаш да ни се даде барем уште една просторија на корисатење, бидејќи имаме специфични потреби (QSL-биро, потреба од поставување на радио станциза за КБ и УКБ, компјутер, места за обука и курсеви за телеграфија и HST кои се специфични и бараат простор и услови кои не може да се поставуваат и демонтираат при секој час (бидејќи тие ни понудија да ги користиме трите училници за тоа).

На крајот тие предложија како времено решение да преградат уште еден простор од околу десетина м2 од ходникот и заедно со просторијата која сега ја држиме, да инвестираат во преградување и во нов мебел, бироа, маси и сл) Ова го прифативме како времено решение додека не им истече договорот за изнајмување на просторот кој порано беше на РСМ.

Се договоривме веднаш да повикаат фирма и да се направи понуда за преградувањето. Морам да спомнам дека овие преговори околу просторот беа многу мачни, на моменти дури имаше расправија. Претседателот на НТМ, Зоран Тодоров имаше поголемо разбирање за нашите аргументи отколку Извршниот директор Пере Митрев. Претседателот вети дека ќе ни бидат вратени просториите кои порано ги користевме откога ќе истече договорот за изнајмување...

Меѓу другото на овој состанок го иницирате прашањето за претставникот на Радиоаматерскиот сојуз во НТМ, кој беше избран на Изборното собрание на РСМ одржано само неколку месеци претходно. Извршниот директор на НТМ ни рече дека ние сме си имале наш претставник во НТМ, а тоа бил Ѓорѓе Лазаревски од клубот Младост во Петровец. На тоа му одговоривме дека на Собранието на РСМ на кое присуствуваше и тој како Извршен директор на Народна техника, Радиоаматерскиот сојуз си избра друг претставник (Диме Ангеловски) и дека тоа тие треба да го почитуваат.

Од состанокот бевме задоволни. Но подоцна се покажа дека од сето погоре наведено, се реализира само партиципацијата на HQ-натпреварот во 2017 година во износ од 20.000 денари и покривање на дел од трошоците за Собирот на радиоаматерите во септември 2017 година на езерото Младост крај Велес.

Понатамошните наши напори и телефонски и директни и писмени, останаа без одговор од претставниците на НТМ.  Иако подолго време се обидуваме да договаравме повторен состанок, до сега тој не е одржан. Останаа неми на нашето барање за враќање на просториите, а освен тоа, не го реализираа ниту ветеното преградување на дел од ходникот во зградата на НТМ за да можеме да го користиме.

Како што претходно спомнав, Во септември 2017 година, Радиоаматерскиот сојуз организираше Собир на радиоаматерите на Езерото Младост крај Велес. На Собирот дојдоа рекорден број на радиоаматери, чиј број заедно со младите деца од радио клубовите „Железничар“ од Скопје, „Бран“ од Пробиштип и „Дивна“ од Берово, изнесуваше 155. На Собирот се организираа предавања и презентации од разни области на радиоаматерството, а беше одржан и кондиционен АРГ тренинг. Предавање имаше за АРГ, РМЗО, Дигитални комуникации, Одржување на УКБ МС-врски, презентација на Портабл активниости на кратки бранови и друго.

Следуваше блокирање на трансакциската сметка на РСМ за казна од инспекција од министерството за труд и социјална политика од далечната 2013 година. На тој начин ни останаа блокирани околу 60.000 денари кои ги собиравме во текот на 2017 година, за да можеме да реализираме неколку планирани активности во 2018 година. Ја објавивме оваа инфорамација со апел до сите членови за да помогнат за побрзо да се одблокира сметката, со тоа што на време ќе си ја платат членарината. Во тоа време членарината беше симболична и изнесување само 300 денари. И покрај апелот за да си ја платат својата обврска кон РСМ, извесен број на членови не го сторија тоа. Некои од нив дури апелираа јавно на фејсбук страницата на РСМ, да не се плаќа членарината оти членовите не требало да плаќале за нечии туѓи грешки во минатото. Така, трансакциската сметка на РСМ беше блокирана целата 2017 година. Успеавме да ја одблокираме дури во јануари 2019 година, откако донесовме тешка и мачна, но неопходна Одлука за покачување на членарината. Притоа направивме компаративна анализа на членарината во радиоаматерски организации од другите држави и констатиравме дека речиси сите се најмалку десетпати повисоки и тоа го објавивме за да можат сите членови на РСМ да го видат. По објавување на Одлука на ИО за покачување на членарината и даден рок од 10 денови во кои членовите можеа да платат членарина по стар износ од 300 денари, се собраа пари и сметката се деблокираше.

Не чекаше уште еден тежок предизвик, а тоа беше плаќањето на котизацијата кон Меѓународната радиоаматерска организација IARU. До сега, оваа обврска РСМ ја плаќаше со пари од Народна техника на Македонија. Тоа се пари кои Министерството  за образование ги префрлува на Народна техника како помош за развој на техничката култура во Македонија. Тие пари Народна техника е должна да

ги префрлува на струковите сојузи како што сме ние. За жал, во 2018 година, од Народна техника не добивме ниту денар, и покрај нашите повеќепати упатувани телефонски и писмени барања кои беа игнорирани од Извршниот директор и Претседателот на НТМ. Проверивме во Министерството за образование и таму ни одговорија дека тие им префрлиле пари на НТМ за развој на техничката култура и треба од нив да побараме да ни го дадат делот кој ни следува, бидејќи неспорно е дека РСМ е еден од најактивните струкови сојузи кој многу придонесува во развој на техничката култура меѓу младите. Особено во последните две години кога за прв пат после долго време се организираа и спроведоа курсеви во два радио клубови во Македонија и се обучија млади деца на кои им се всади љубовта кон радиоаматерството, радиотехниката, електрониката и општо за сите технички активности. Со тоа децата се стекнаа со технички вештини кои ќе им користат во текот на целиот нивен живот. Претседателот и Извршниот директор на Народна техника на Македонија се поканети на ова Годишно собрание на Радиоаматерскиот сојуз, па надевајќи се дека ќе бидат присутни, ја користам можноста да упатам апел за поголема соработка, зашто само така ќе можеме да одиме напред кон зголемен развој на техничката култура.

При крајот на 2018 година добивме усна опомена од нашиот претставник во IARU, за да си ја подмириме обврската кон IARU, но тоа, при блокирана сметка на РСМ беше невозможно. На состанок на ИО размислувавме секој од нас, членовите на ИО да даде по еден дел лични средства и да ја платиме фактурата но износ од нешто повеќе од 200 евра... Во таква тешка ситуација, како што спомнав и претходно, бевме принудени да донесеме една нималку популарна одлука, а тоа е Одлуката за покачување на членарината. По донесувањето на Одлуката, за неколку денови беа собрани пари и обврската кон IARU платена.

Во почетокот на 2018 година се направи комплетно документирање на донацијата од Дејан Вукановиќ Z31CW од Куманово. Тој донираше еден VHF репетитор, кој беше претходно поставен на Водно (RV4) и ставен во функција. Изразувам јавна благодарност на Дејан за оваа донација.

Следејќи го Законот за здруженија и фондации и Статутот на Радиоаматерскиот сојуз, во кои се предвидува ажурирање на членовите на сите здрушенија најмалку еднаш на две години, Извршниот одбор на РСМ донесе Одлука за Ажурирање на членството, согласно Законот за здруженија и фондации. Изготвени беа документи: Пристапница, Лист за евиденција на индивидуални членови и Лист за евиденција на клубови. Четири месеци апелиравме до клубовите и членовите да пополнат пристапници и листови за евиденција, но тоа, за жал, некои клубови и индивидуални членови се уште не го сториле.

Во месец мај, минатата година РСМ и радио клубот Железничар од Скопје, во соработка со домаќините од радио клубот „Бран“ – Пробиштип, организиравме

Радиоаматерско дружење во Пробиштип, со АРГ тренинг и портабл работа на КБ. На овој настан, освен од Пробиштип, беа дојдени млади радиоаматери од Штип и Скопје, а вкупниот број заедно со нас повозрасните изнесуваше 52.

Во минатата 2018 година, во ситуација со блокирана трансакциска сметка, сепак се реализираа неколку радиоаматерски дружења со лични пари од учесниците.

Радиоаматерско дружење во август 2018 година, во село Дихово, крај Битола, а иницијатор беше домаќинот Љубомир Димовски. Присуствуваа 19 радиоаматери од Битола, Прилеп и Штип.

Радиоаматерско дружење во септември 2018 година во Штип, а иницијатори беа радиоаматерите од Штип. Присуствуваа 20 радиоаматери од Штип, Скопје, Кочани, Битола, Пробиштип, Виница

Радиоаматерско дружење во октомври 2018 година во Кочани, а иницијатори беа радиоаматерите од Кочани. Присуствуваа 16 радиоаматери од Кочани, Штип, Скопје, Св. Николе, Гевгелија, Битола и Кавадарци.

АРГ менаџерот Митко Толев заедно со група радиоаматери од клубот Железничар од Скопје на неколку пати дојдоа во Штип, за да ја разгледаме околината и пронајдеме погоден терен за АРГ. Потоа се изготвија карти. Сето тоа без да се потроши ниту денар од касата на РСМ. Да потсетам дека изработката на карти за АРГ на пазарот чини околу 250 евра по км2. Ова ми е познато бидејќи ни беше понудено изработка на карти за мегународен АРГ-натпревар за кој сакавме да се пријавиме да бидеме домаќини. За жал цената од околу 7000 евра за изработка на карта беше недостижна за нас. Прашувавме по околните земји за изработка, и цената беше приближно иста и многу скапа. Во оваа прилика, голема благодарност морам да искажам на Гоце Бошковски и Митко Толев од РК Железничар, кои дознавајќи дека картите чинат цело богатство, недостапно за нашиот Сојуз, самоиницијативно седнаа, го изучија софтверот за правење на карти, па направија карта за тренинг натпреварот во Пробиштип, а изработена е уште една карта за АРГ-терен во околината на Штип со бесплатна помош на Едбер Тахмисција радиоаматер од Босна, пријател на клубот Железничар.

Беа воочени повеќе грешки и нелогичности во испитните прашања за полагање на радиоаматерски испит. Грешките заедно со коригираните информации беа испратени до Агенцијата за електронски коминукации, со барање истите да бидат исправени, бидејќи оние кои полагаат за испит за радиоаматерски оператор со години наназад биле погрешно насочувани.

Има и други работи кои раководството на Радиоаматерскиот сојуз ги направи во изминативе две години, ама мислам дека е доволно ова што го изнесов погоре.

Дали сме направиле доволно и дали можело да биде подобро!?

Се разбира дека секогаш може да биде подобро и ние тоа се обидуваме да го правиме.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Сега сакам да спомнам нешто и за некои работи за кои слушаме дека одредени групи на радиоаматери не критикуваат и озборуваат.

Една од тезите е дека ова раководство не сторило ништо за развој на репетиторите во Македонија. УКБ менаџерот не сторил ништо по ова прашање, а Претседателот и Секретарот исто така...

Друг вели дека и овој како и претходниот претседател и менаџерите не знаеле да работат. Не знаеле сите други освен кога тој самиот бил претседател. Секогаш кога некој друг е претседател освен кога тој самиот е во таква улога - Е тогаш е се најдобро!

А кога ќе погледнете, што постигнал во животот оној кој критикува, ќе Ви биде јасно се...

Сега да се вратам на репетиторите.

Јас ве уверувам дека ниту еден од нас во составот Извршниот одбор нема ништо против проставување на што поголем број на репетитори низ цела Македонија. Камо среќа да имаме можност тоа да го направиме. Само тоа треба да биде во согласност со законите и правилниците кои ја регулираат оваа материја. Ако ние не знаеме како да поставиме репетитор, има некои кои знаат и никој не им забранил тоа да го прават. Само треба да најдат доблест да го информират раководството на РСМ за таквите активности и сето тоа да биде законски. Јас знам дека многумина имаат мерак да постават репетитори. И до тука се е во ред, ама зошто не воспостават контакт со раководството на РСМ во чија одговорност е правилната и законска работа на репетиторите?

Еве јас лично побарав од Митко Кикереков како на радиоматер кој има искуство во обаа област, уште пред две години да се нафати тој да ги одржува репетиторите. Најнапред се согласи, и тоа пред сите, на состанок на Извршниот одбор во Штип 2017 година, ама по два дена, јавно преку фејсбук напиша дека ја одбива понудата.

Освен локацијата на Водно и на Пониква, другите локации каде се поставени репетиторите не ги знае никој од ИО, па затоа баравме да има еден присутен од ИО кога ќе се прави пописот на репетиторите на терен.

Некаде во средината на 2017 година беше се расипал репетиторот Р6. Од кажување на Митко Кикереков, дознавме дека тој е поставен некаде во месноста „Бреза“ во објект на Македонски Шуми. Репетиторот, за разлика од порано, кај

мене, а и насекаде едвај се слушаше, а за да се побуди, потребно беше многу поголема РФ-моќ. Затоа претпоставката беше дека антената е падната, скршена или оштетена. Побарав од менаџерот за УКБ, дали ќе може да обезбедиме антена, а тој рече дека има една и ќе ја даде за да се носи на локацијата, па ако се утврди дека е проблем со антената, истата да се замени. Во тој период, од страна на неформални групи радиоаматери, на социјалните мрежи имаше обид да се собере донација во пари за да се купи антена. Се пишуваше на фејсбук групите на радиоаматерите, оти Митко Кикереков ветил дека ќе продаде една за 200 евра. Познато ми е дека тогаш некои радиоаматери уплатиле донации на приватна сметка, без да се праша раководството на РСМ. Јас се вклучив во коментарите и напишав дека УКБ менаџерот има обезбедено антена и дека собирање пари од донации од страна на поединци, во името на ИО на РСМ е законски недозволиво. Во тој период бев известен дека Митко Кикереков планира да оди на репетиоторот Р6. Му се јавив на Митко и разговаравме телефонски околу посетата на репетиторот Р6. Идејата ми беше, кога ќе се оди да се попише репетиторот, истовремено да се замени антената. Затоа побарав од Митко кога планира да оди, еден ден претходно да не извести мене или менаџерот за УКБ, бидејќи сакам еден член од ИО да биде присутен кога ќе се прави увидот на репетиторот. Истовремено, како што ви е познато, неколку членови на ИО направивме напори да дознаеме каде е точната локација на репетиторот. Така дознавме дека локацијата ја има обезбедено еден радиоаматер од Велес кој работи во Македонски Шуми и Митко заедно со него го имаат поставено репетиторот во објектот на Македонски Шуми. Само два дена по мојот разговор со Митко, во кој барав да не извести кога ќе се оди на Р6, од социјалните мрежи дознаваме дека Митко без никого да извести, веќе бил таму. Имаше поставено и видео и фотографии. Му се јавив на претседателот на пописната комисија да видам дали знае тој и зошто не е искористено одењето на Митко на Р6 за да се направи документација на репетиторот, ама ми беше речено дека ниту тој не е известен. Потоа разговарав со Митко Кикереков за да прашам зошто не сме известени како што барав, а тој ми одговори дека немало место во колата и дека тој заедно со радиоаматерот од Велес, вработен во Македонски Шуми, отишол на локацијата на Р6. Притоа, тој самиот констатирал дека репетиторот е прегорен и антената е падната. Ми кажа дека го заменил репетиторот со негов личен исправен репетитор и ја прицврстил антената. Исто така ми кажа да не пишуваме официјално барање до Македонски Шуми за да се одобри локацијата со документ, како што треба, оти таму директорот бил нов и не знаел дека имало поставен репетитор во објектот на Македонски шуми, па можело да има проблем...

Освен ова, околу репетиторот Р6 што зборував до сега, имаме сознанија дека има и други случаи на посети и интервенции на репетитори од Митко Кикереков и од други неовластени лица, без да известат никого од Извршниот одбор на Радиоаматерскиот сојуз, а одоговорноста за репетиторите е токму на ИО. Што се е правено при посетување на репетиторите може само да се претпоставува. Зошто и покрај моето барање да не известат при евентуална посета на репетиторите,

линкување или други интервенции, тоа не се прави, исто така можеме само да претпоставуваме, но факт е дека мора да се стави ред на самоволието со репетиторите кое трае со години station наназад.

Во овие две години од нашиот мандат, на состаноци на Извршниот одбор на РСМ, повеќе пати сме зборувале за состојбата со репетиторите и доволно се познаваме за да можам да тврдам дека никој од нас нема ништо против развивање на репетиторската мрежа. Само не на ваков начин од страна на поедници и без да биде известен никој од нас. Згора на тоа, од страна на поединци, деновиве сме напаѓани преку социјалните мрежи со цел да се створи впечаток дека овој Извршен одбор и менаџерот за УКБ, не ги сакаат репетиторите. Не ми е јасно толку ли е тешко да се јават, па заеднички да ја правиме и одржуваме репетиторската мрежа? Сакам повторно да потенцирам дека пред 1,5 година, кога беше состанокот на ИО во Штип, на кој присуствуваше Митко Кикереков, разговаравме со Митко и му понудивме тој да биде официјално назначен за одржување на репетиторската мрежа. Тој во Штип прифати, ама неколку денови потоа, на изненадување на сите нас, јавно преку фејсбук напиша дека се откажува и не сака да се нафати да ги одржува репетиторите. „Сакам-нејќам" е муабетов, а потоа без никој од нас да биде известен, Митко сам на своја рака си ги посетува репетиторите и си врши интервенции врз нив. Јас тоа неможам да го разберам како чин на соработка. Не можам да го разберам таквото однесување, ниту мотивот за сето тоа. Во меѓувреме добиваме информации од неколку радиоаматери од неколку клубови дека во разговор со Митко Кикереков им е кажувано дека овој ИО ништо не работи за репетиторите и дека поради игнорантскиот однос на ИО кон оваа проблематика репетиторите се запуштени. Не знам каков мотив е скриен позади ваквите клевети, ама можам да претпоставам дека свесно не напаѓааат и водат подла камања со цел да го дискредитираат овој состав на ИО, ама истото се случувало и порано со претходниот состав. Еве сега гледаме дека на фејсбук се објавуваат активности за изработка на повеќе дуплексери и најава за поставување на нови репетитори во Македонија од страна на Митко Кикереков и неколкумина негови пријатели. Тоа е одлично и за поздравување, ама сето тоа треба да биде сторено во координација со Извршниот одбор. Ние за тоа не сме известени, за ваквите планови дознаваме од фејсбук, а одговорноста за репетиторите е кај нас. Сега откога трансакциската сметка на РСМ е одблокирана, можеме и да помогнеме во рамките на можностите. Сојузот е носител на репетиторската мрежа, а не некој друг. Едноставно се продолжува со практиката која трае долги години наназад. Да ве потсетам дека Митко сам одби да биде вклучен во одржувањето на репетиторите. Како да сака да каже дека без него репетиторската мрежа ќе пропадне, ама од инает не сака никаква соработка со Извршниот одбор, и тоа не само со ова раководство туку и со минатите раководства на Сојузот. Еве, му понудивме да ги одржува репетиторите и да биде вклучен на некој начин во раководството за таа проблематика. Зошто не ја прифати понудата па заеднички да учествуваме во изградбата на репетиторската мрежа? Веројатно има скриени мотиви кои само тој си ги знае. Да ве потсетам дека

иста кампања за поставување на репетитори од истите актери се случуваше во времето непосредно пред последното Собрание на РСМ. Еве сега пак. Сакам да споменам дека ми е многу жал што пред да станам претседател на Сојузот, имав одлична комуникација со Митко Кикереков, го чувствував за близок пријател и разговорите секогаш ни беа пријателски, а сега тоа некако како да не не е така. Откако станав претседател, и откако го назначивме за член на пописната комисија, и му предложивме тој самиот да биде официјално вклучен во одржувањето на репетиторите, чувствувам дека тоа веќе не е така, а не можам да се сетам на некаков повод, а според коментарите на фејсбук групите, можам да заклучам дека односите ни се зладени за што искрено жалам.

Што се однесува до легализирање на локациите на кои се поставени репетиторите, Извршниот одбор од средината на минатата година презема иницијатива да се направи договор, осносно меморандум за соработка со едно министерство. На таков нечин трајно ќе го решиме поставувањето на репетитороите а не тоа да биде на диво, без документација или писмен договор со сопственикот за користење на локацијата. Текстот на меморандумот беше неколку пати враќан со барање за исправање на некои технички грешки. Последен пат е вратен за да се допише зборот Северна Македонија во речениците каде се споменува нашата земја. Сега Меморандумот е усогласен меѓусебно со министерството и се чека на потпис на министерот. Со тоа се надеваме дека проблемите со локациите на репетиторите ќе бидат решени и легални, барем во еден дел. Простете што не го наведувам името на министерството, но тоа го правам со причина. Имено, има повеќе случаи кога наши членови, радиоаматери поради несогласување со некои минати раководства на Радиоаматерскиот сојуз, свесно работеле против интересите на РСМ. Клеветеле кај определени инспекции или убедувале вработени да го тужат РСМ, а потоа РСМ бил приморан да плаќа големи казни и трошоци за судските постапки. Што е најчудно, таквите наши колеги радиоаматери тоа отворено си го кажуваат и се фалат дека тие убедиле еден поранешен вработен во РСМ да тужи и потоа сметката на РСМ била блокирана. Наместо парите да отидат на развој на радиоаматерството, РСМ ги давало за тужби и казни, поради налудничави постапки од некои свои членови, само затоа што не се во раководството на РСМ. Нека им служи на чест.

Благодарам,